1. Ја објавувам Одлуката за одобрување на приоритетен проект за село Црнеец со кој ќе се аплицира по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадна вода“ за Реконструкција на доводен цевковод за водоснабдување на селото Црнеец, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.05.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-787/18 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.05.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 11 т.4 и член 22 т.4 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Р.Македонија“ бр.05/02), член 16 и 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 30.05.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## за одобрување на приоритетен проект за село Црнеец со кој ке се аплицира по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадна вода“ за Реконструкција на доводен цевковод за водоснабдување на селото Црнеец

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува инфраструктурниот проект за Реконструкција на доводен цевковод за водоснабдување на село Црнеец.

**Член 2**

Со овој проект ќе се аплицира за користење на средствата од Проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ обезбедени со заем од Европската Инвестициона Банка.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола да ги преземе сите дејствија во врска со аплицирање за користење на средствата обезбедени со заемот на Европската Инвестициона Банка.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-13/20 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.05.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за одобрување на приоритетен проект за село Лисолај со кој ке се аплицира по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадна вода“ за Реконструкција на доводен цевковод за водоснабдување на селото Лисолај

1. Ја објавувам Одлуката за одобрување на приоритетен проект за село Лисолај кој ке се аплицира по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадна вода“ за Реконструкција на доводен цевковод за водоснабдување на селото Лисолај, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.05.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-787/19 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.05.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 11 т.4 и член 22 т.4 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Р.Македонија“ бр.05/02), член 16 и 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 30.05.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## за одобрување на приоритетен проект за село Лисолај со кој ке се аплицира по Проектот „ Водоснабдување и одведување отпадна вода“ за Реконструкција на доводен цевковод за водоснабдување на селото Лисолај

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува инфраструктурниот проект за Реконструкција на

доводен цевковод за водоснабдување на село Лисолај.

**Член 2**

Со овој проект ќе се аплицира за користење на средствата од Проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ обезбедени со заем од Европската Инвестициона Банка.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола да ги преземе сите дејствија во врска со аплицирање за користење на средствата обезбедени со заемот на Европската Инвестициона Банка.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-13/21 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.05.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за прифаќање учество на Општината Битола во Проектот „Отпочнување на бизниси со креативни активности во областа на уметноста во грчко-македонскиот пограничен регион“

1. Ја објавувам Одлуката за прифаќање учество на Општината Битола во Проектот „Отпочнување на бизниси со креативни активности во областа на уметноста во грчко-македонскиот пограничен регион“, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.05.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-787/20 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.05.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата оджана на 30.05.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## за прифаќање учество на Општината Битола во Проектот „Отпочнување на бизниси со креативни активности во областа на уметноста во грчко-македонскиот пограничен регион“

**Член 1**

Со оваа Одлука се прифаќа учеството на Општината Битола во Проектот „Отпочнување на бизниси со креативни активности во областа на уметноста во грчко-македонскиот пограничен регион“.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-13/22 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.05.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за прифаќање учество на Општината Битола во Проектот „Развој на медицински туризам во прекуграничниот регион - МЕДТУР“

1. Ја објавувам Одлуката за прифаќање учество на Општината Битола во Проектот „Развој на медицински туризам во прекуграничниот регион – МЕДТУР“, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.05.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-787/21 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.05.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата оджана на 30.05.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## за прифаќање учество на Општината Битола во Проектот „Развој на медицински туризам во прекуграничниот регион - МЕДТУР“

### Член 1

Со оваа Одлука се прифаќа учеството на Општината Битола во Проектот

„Развој на медицински туризам во прекуграничниот регион – МЕДТУР“.

### Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-13/23 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.05.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 91, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија„ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 78/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11 и 6/12), Градоначаликот на Општина Битола , донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на Директор на Средното општинско економско училиште „Јане Сандански„ Битола.**

1. **СЕ РАЗРЕШУВА Василе Дрангоски** Директор на СОЕУ „Јане Сандански„ Битола од функцијата Директор поради истек на мандатот.

2. Решението влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општината Битола.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со Решение за избор на Директор на СОЕУ „Јане Сандански„ Битола Бр. 08- 50/5 од 20.02. 2008. Василе Дрангоски беше избран за Директор на училиштето.
Согласно член 91 од Законот за средно образование мандатот на Директорот трае 4 години.
Со оглед дека мандатот на Директорот истече се одлучи како во диспозитивот.

Примерок од решението да се достави до архивата на Средното општинско економско училиште „Јане Сандански„ Битола, архивата на општинската администрација и еден примерок на разрешениот Директор.

**Бр.08-2724/8-2011**
**01.03.2012 год.**
**Битола**

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**Г р а д о н а ч а л н и к**
**м-р Владимир Талески**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БИТОЛА *

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 93 в, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија„ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 78/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11 и 6/12), Градоначаликот на Општина Битола , донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на В.Д. Директор на Средното општинско економско училиште „Јане Сандански„ Битола.**

1. За В.Д. Директор на СОЕУ „Јане Сандански„ Битола **се именува Василе Дрангоски** ВСС досегашен Директор во училиштето.

Функцијата В.Д. Директор ја презема од 01.03.2012 година.

2. ВД Директор ги врши работите до именување на нов Директор , но не подолго од 2 месеци од денот на неговото именување.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општината Битола.

**О б р а з л о ж е н и е**

Поради обезбедување на континуитет во Средното општинско економско училиште „Јане Сандански„ Битола а по разрешувањето на Директорот на истото, согласно член 93 -в од Законот за средно образование, Градоначалникот именува В.Д. Директор.

Од погоренаведеното се одлучи како во диспозитивот на решението.

Примерок од решението да се достави до архивата на Средното општинско економско училиште „Јане Сандански„ Битола, архивата на општинската администрација и еден примерок на избраниот В.Д. Директор.

**Бр.08-2724/9-2011**
**01.03.2012 год.**
**Битола**

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**Г р а д о н а ч а л н и к**
**м-р Владимир Талески**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ ,, 5/02, и член 128 и 132 од Законот за основно образование, (,,Службен весник на РМ,, 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12) Градоначаликот на Општината Битола донесе

РЕШЕНИЕ
за избор на Директор на Основно училиште ,,Даме Груев,,
Битола

1. За Директор на ОУ ,,Даме Груев,, Битола се избира **Благојче Огненовски** со завршена ВСС Факултет за ликовни уметности, дипломиран педагог за сликарство, со положен испит за директор во училиште.

2. Мандатот на Директорот трае 4 години.

3. Решението да се достави до пријавените кандидати.

4. Решението влегува во сила по неговата конечност кога и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општината Битола,,

**Образложение**

Градоначалникот на Општината донесе Одлука за распишување на Јавен оглас за избор на Директор на основното училиште.
Училишниот одбор распиша Јавен оглас . По објавениот Јавен оглас за избор на Директор во основното училиште Училишниот одбор достави предлог до Градоначалникот – бр.02-59/3 од 21.02.2012 примен во Општината Битола на ден 24.02.2012, заведен под број 08-169/3 и Записник бр. 02-59/2 од 21.02.2012. со кој предлог за Директор на основното училиште е предложен и кандидатот Благојче Огненовски ВСС Факултет за ликовни уметности, дипломиран педагог за сликарство, со положен испит за директор во училиште.

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира Директори на јавни служби кои ги основала општината.
Согласно член 132 од Законот за основно образование, Директорот на училиштето го избира Градоначалникот на Општината по предлог на Училишниот одбор.

Мандатот на Директорот трае 4 години , согласно член 128 од Законот за основно образование.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство :** Против ова Решение кандидатите кои не се избрани во рок од 8 дена од денот на приемот на Решението, имаат право на жалба во однос на спроведување на постапката за избор на Директор **која жалба се доставува преку Градоначалникот на Општината** до **Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.**

Бр. 08-169/6
02.03.2012.
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
М-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 93в, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија„ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 78/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11 и 6/12), Градоначаликот на Општина Битола , донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на ВД Директор на Средното општинско економско училиште „Јане Сандански„ Битола.**

1. **СЕ РАЗРЕШУВА Василе Дрангоски** ВД Директор на СОЕУ „Јане Сандански„ Битола од функцијата ВД Директор поради истек на мандатот.

2. Решението влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општината Битола.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со Решение за избор на ВД Директор на СОЕУ „Јане Сандански„ Битола Бр.08-2724/9-2011 од 01.03.2012 год Василе Дрангоски беше избран за ВД Директор на училиштето.
Со оглед дека мандатот на ВД Директорот истече се одлучи како во диспозитивот.

Примерок од решението да се достави до архивата на Средното општинско економско училиште „Јане Сандански„ Битола, архивата на општинската администрација и еден примерок на разрешениот Директор.

**Бр.08-605/1**
**30.04.2012 год.**
**Битола**

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**Г р а д о н а ч а л н и к**
**м-р Владимир Талески**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 93 в, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија„ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 78/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11 и 6/12), Градоначаликот на Општина Битола , донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на В.Д. Директор на Средното општинско економско училиште „Јане Сандански„ Битола.**

1. За В.Д. Директор на СОЕУ „Јане Сандански„ Битола **се именува Василе Дрангоски** ВСС досегашен ВД Директор во училиштето.

Функцијата В.Д. Директор ја презема од 01.05.2012 година.

2. ВД Директор ги врши работите до именување на нов Директор , но не подолго од 1 месец од денот на неговото именување.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општината Битола.

**О б р а з л о ж е н и е**

Поради обезбедување на континуитет во Средното општинско економско училиште „Јане Сандански„ Битола имајки го во предвид фактот што сеуште не е завршена постапката за избор на Директор, согласно член 93 -в од Законот за средно образование, Градоначалникот именува В.Д. Директор.

Од погоренаведеното се одлучи како во диспозитивот на решението.

Примерок од решението да се достави до архивата на Средното општинско економско училиште „Јане Сандански„ Битола, архивата на општинската администрација и еден примерок на избраниот В.Д. Директор.

**Бр.08-605/2**
**30.04.2012 год.**
**Битола**

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**Г р а д о н а ч а л н и к**
**м-р Владимир Талески**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ ,, 5/02, и член 128 и 132 од Законот за основно образование, („Службен весник на РМ„ 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12) Градоначалникот на Општината Битола донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за разрешување на Директор на ОУ „Коле Канински„ Битола**

1. **Се разрешува Елпида Трпковска** досегашен Директор на Основното училиште „Коле Канински„ од функцијата Директор на училиштето заклучно со 09.05.2012 г.

2 Ова решение влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со Решение за избор на Директор на ОУ „Коле Канински„ Битола Бр.08-3050/6-2007 од 03.04.2008 година Елпида Трпковска беше избрана за Директор на училиштето.
Со оглед дека мандатот на Директорот истече се одлучи како во диспозитивот.

Примерок од решението да се достави до архивата на основното училиште, архивата на општинската администрација и на разрешениот Директор .

Бр.08- 639/1
09.05. 2012 год.
Битола

ОПШТИНА БИТОЛА,
Г р а д о н а ч а л н и к,
м-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ „ 5/02, и член 135 од Законот за основно образование, („Службен весник на РМ„ 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12) Градоначалникот на Општината Битола донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување на В.Д. Директор на ОУ „Коле Канински„ Битола**

1. За В.Д. Директор на Основното училиште „Коле Канински„ Битола **се именува Елпида Трпковска ВСС Филозовски факултет** досегашен Директор во Основното училиште „Коле Канински„ Битола.

Функцијата В.Д. Директор ја презема од 10.05.2012 година.

2. ВД Директор ги врши работите до именување на нов Директор , но не подолго од 2 месеци од денот на неговото именување.

3. Ова решение влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

**О б р а з л о ж е н и е**

Поради обезбедување на континуитет во Основното училиште, а по разрешувањето на Директорот на истото, согласно член 135 од Законот за основното образование, Градоначалникот именува В.Д. Директор.

Од погоренаведеното се одлучи како во диспозитивот на решението.

Примерок од решението да се достави до архивата на основното училиште, архивата на општинската администрација и на избраниот В.Д. Директор .

Бр.08- 639/2
09.05. 2012 год.
Битола

ОПШТИНА БИТОЛА,
Г р а д о н а ч а л н и к,
м-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ „ 5/02, и член 103 и 104 од Законот за социјална заштита („Службен весник на РМ„ 79/09, 36/11, 51/11) - Градоначалникот на Општината Битола донесе

## ОДЛУКА
### за невршење избор на Директор на јавната општинска установа Дом за стари лица „Сју Рајдер„ Битола

1. Не се врши избор на Директор на ЈОУ „Сју Рајдер „ Битола, а по распишаниот јавен конкурс од страна на управниот одбор на установата *бр.04-168 од 13.12.2011.*

2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

### Образложение

Управниот одбор распиша Јавен конкурс за избор на Директор на јавната установа. Истиот е објавен на ден 14 и 15. 12.2011 година и траеше пет дена од денот на објавувањето во дневен печат.
Пристигнатите пријави управниот одбор со допис број 02-181/2 од 23.12.2011 година ги достави до Градоначалникот на Општина Битола на ден 23.12.2011 година.

По разгледување на пристигнатите пријави на кандидатите и доставените програми за работа Градоначалникот на општината согласно член 103 и 104 од Законот за социјална заштита, не изврши избор на Директор во јавната установа .

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

Бр. 08-127/2
11.05.2012.
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
м-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 став 1 точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија", бр. 5/02), и член 54 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на Општината Битола „ бр. 10/05) Градоначалникот на Општината Битола, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола**

**Член 1**

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 08-1001/1 од 17.05.2010 г., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 08-636/1 од 15.03.2011 г., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 08-893/1 од 01.04.2011 г. Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола , број 08-2070/1 од 02.09.2011 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-159/1 од 25.01.2012 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-03/1 од 05.03.2012 година ( „Службен гласник на Општината Битола" бр.7/10 , бр. 5/11 , 6/11 , 12 /11 ,02/12, 03/12 и ) и тоа:

во член 5, Сектор за правно нормативни , административни и општи работи, Одделение за административни и општи работи, по работното место „ 8. Раководител на одделение за административни и општи работи„ се додава ново работно место „8-а **односи со јавноста**„ кое гласи:

„**8-а. Назив на работното место**: Односи со јавноста

**Звање**: Советник

**Одговара пред**: раководителот на одделението

**Цел на работното место:** Спроведување на активности поврзани со информирање на јавноста и граѓаните во општината за планираните и превземените активности на органот во однос на вршење на работите од своја надлежност.

**Главни работни должности:**

- самостојно извршува најсложени работи и задачи кои се вршат во одделението

- континуирано ги следи прописите во врска со прашањата од областа во која што работи,
- остварува писмена и усна комуникација со медиуми во однос на активностите на општината и доставува соопштенија до медиумите,
- организира, подготвува и води прес конференции и интервјуа за новинарите,
- дава усни и писмени одговори на прашањата од новинарите ,
- го координира прибирањето на информации од секторите и одделенијата во рамките на општинската администрација,
- учествува во изработувањето на општинскиот информатор
- учествува во директни средби на Градоначалникот со граѓаните,

**Посебни услови**:

- Општествени науки, со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен
- Најмалку три години во струката

  други професионални квалификации , работа со компјутер, ефективна орална комуникација, одлични интерперсонални вештини

**Број на извршители: 1“**

Редниот број на работното место „**8-а. Организирање и кординирање на - помошно техничките работи**
се менува и гласи „**8-б. Назив на работното место**: **Организирање и кординирање на - помошно техничките работи**

**Член 2**

Во член 5, Сектор за правно нормативни, административни и општи работи, Одделение за административни и општи работи, по работното место „ 10.Архивар„ - се додава ново работно место „10-а **Упатување на граѓани /странки**„ кое гласи:

„**10-а. Назив на работното место**: **Упатување на граѓани странки**

**Звање**: самостоен рефрент

**Одговара пред**: раководителот на одделението
**Цел на работното место:** Информирање и упатување на граѓани или други странки до одговорниот службеник во инстутуцијата за односниот предмет.

**Главни работни должности:**

- ги запознава граганите со основни информации во оставрувањето на нивното барање,
- им помага на граганите во доставувањето на нивните барања до органот,
- ги упатува граганите до соодветната служба за нивниот предмет во органот,
- обезбедува непосреден контакт на граганинот со соодветниот службеник,
- ги известува службениците за барањата од граганите.

**Посебни услови**:

- VI –степен Више или IV степен средно образование
- Најмалку три години во струката
- други професионални квалификации , ефективна орална комуникација, одлични интерперсонални вештини , управување со стресни ситуации.

**Број на извршители: 1“**

**Член 3**

Во член 5 Сектор за економски развој и јавни дејности, Одделение за јавни дејности во работното место „83. Образование„ во делот на посебните услови по зборовите „филозовски„ се додава „или филолошки„

**Член 4**

Во член 5 Сектор – Општински инспекторат, Одделение за комунална инспекција и инспекција за животна средина во работното место „91. Овластен инспектор за домување„ во делот на посебните услови зборовите „ВСС- правни науки или градежен факултет„ се заменуваат и гласат:„дипломиран правник или дипломиран инженер архитект или дипломиран градежен инженер„ .

**Член 5**

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на правилникот се вршат измени и дополнувања и во табеларниот преглед на работните места како составен дел на правилникот и тоа:

| **Р.бр.** | **Назив на работното место** | **Звање** | **Бр. на извршители** | **Вид и степен на образование** | **Работно искуство** |
|---|---|---|---|---|---|
| 8а | Односи со јавноста | Советник | 1 | Општествени науки со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен работа со компјутер, ефективна орална комуникација, одлични интерперсонални вештини | Најмалку 3 години во струката |
| 8б | Организирање и координирање на помошно техничките работи | Помлад соработник | 1 | - Биотехнички факултет со стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или | Без работно искуство |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | завршен VII/1 степен -работа со компјутери; -способност за тимска работа | |
| 10а | Упатување на граѓани /странки | Самостоен референт | 1 | VI степен Више или IV, степен средно образование ефективна орална комуникација , одлични интерперсонални вештини, управување со стресни ситуации | Најмалку 3 години во струката |

| Р.бр. | Назив на работното место | Звање | Бр. на изврши тели | Вид и степен на образование | Работно искуство |
|---|---|---|---|---|---|
| 83 | Образование | Советник | 1 | - Филозовски или Филолошки факултет со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – -работа со компјутери; -способност за тимска работа | Најмалку 3 години во струката |

| Р.бр. | Назив на работното место | Звање | Бр. на изврши тели | Вид и степен На образование | Работно искуство |
|---|---|---|---|---|---|
| 91 | Овластен инспектор за домување | Советник | 1 | - Дипломиран правник или дипломиран инженер архитект или дипломиран градежен инженер со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – -работа со компјутери; -способност за тимска работа, способност за решавање на конфликти | Најмалку 3 години во струката |

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Битола", а ќе се применува по добивањето на писмена согласност од Агенцијата за администрација.

**Бр.01-04/1**
28.05.2012.
Битола

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
на Општината Битола
м-р Владимир Талески

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА

# С О Д Р Ж И Н А


О Д Л У К А за прифаќање учество на Општината Битола во Проектот „Иновативни едукативни програми за јакнење на природните ресурси во прекуграничниот регион Пелагонија-Лерин“ како партнер во Проектот .............. 129

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на СОЕУ „Јане Сандански“ Битола ............ 130

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување член во Училишниот одбор на ОУ „Св. Климент Охридски“ Битола .......... 130

О Д Л У К А за одобрување на приоритетен проект за село Породин со кој ке се аплицира по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадна вода“ за Реконструкција на доводен цевковод за водоснабдување на селото Породин ........... 131

О Д Л У К А за одобрување на приоритетен проект за село Габалавци со кој ке се аплицира по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадна вода“ за Реконструкција на доводен цевковод за водоснабдување на селото Габалавци ......... 132

О Д Л У К А за одобрување на приоритетен проект за село Острец со кој ке се аплицира по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадна вода“ за Реконструкција на доводен цевковод за водоснабдување на селото Острец ............. 132

О Д Л У К А за одобрување на приоритетен проект за Водоводен систем Злокуќани (Бистрица, Олевени, Барешани и Населба Коле Канински) со кој ке се аплицира по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадна вода“ за Реконструкција на доводен цевковод за водоснабдување на Водоводен систем Злокуќани ...................... 133

О Д Л У К А за одобрување на приоритетен проект за село Лавци со кој ке се аплицира по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадна вода“ за Реконструкција на доводен цевковод за водоснабдување на селото Лавци ............... 134

О Д Л У К А за одобрување на приоритетен проект за село Нижеполе со кој ке се аплицира по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадна вода“ за Реконструкција на доводен цевковод за водоснабдување на селото Нижеполе ......... 135

О Д Л У К А за одобрување на приоритетен проект за село Канино со кој ке се аплицира по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадна вода“ за Реконструкција на доводен цевковод за водоснабдување на селото Канино ............. 136

О Д Л У К А за одобрување на приоритетен проект за село Велушина со кој ке се аплицира по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадна вода“ за Реконструкција на доводен цевковод за водоснабдување на селото Велушина ......... 136

О Д Л У К А за одобрување на приоритетен проект за село Лопатица со кој ке се аплицира по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадна вода“ за Реконструкција на доводен цевковод за водоснабдување на селото Лопатица .......... 137

О Д Л У К А за одобрување на приоритетен проект за село Горно Српци со кој ке се аплицира по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадна вода“ за Реконструкција на доводен цевковод за водоснабдување на селото Горно Српци .... 138

О Д Л У К А за одобрување на приоритетен проект за село Лера со кој ке се аплицира по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадна вода“ за Реконструкција на доводен цевковод за водоснабдување на селото Лера................... 139

О Д Л У К А за одобрување на приоритетен проект за село Рамна со кој ке се аплицира по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадна вода“ за Реконструкција на доводен цевковод за водоснабдување на селото Рамна ................ 139

О Д Л У К А за одобрување на приоритетен проект за село Секирани со кој ке се аплицира по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадна вода“ за Реконструкција на доводен цевковод за водоснабдување на селото Секирани .......... 140

О Д Л У К А за одобрување на приоритетен проект за село Доленци со кој ке се аплицира по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадна вода“ за Реконструкција на доводен цевковод за водоснабдување на селото Доленци ........... 141

О Д Л У К А за одобрување на приоритетен проект за село Црнеец со кој ке се аплицира по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадна вода“ за Реконструкција на доводен цевковод за водоснабдување на селото Црнеец ............. 142

О Д Л У К А за одобрување на приоритетен проект за село Лисолај со кој ке се аплицира по Проектот „ Водоснабдување и одведување отпадна вода“ за Реконструкција на доводен цевковод за водоснабдување на селото Лисолај ............. 142

О Д Л У К А за прифаќање учество на Општината Битола во Проектот „Отпочнување на бизниси со креативни активности во областа на уметноста во грчко-македонскиот пограничен регион“... 143

О Д Л У К А за прифаќање учество на Општината Битола во Проектот „Развој на медицински туризам во прекуграничниот регион – МЕДТУР“ ...................................... 144

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на Директор на Средното општинско економско училиште „Јане Сандански“ Битола........................................................... 145

Р Е Ш Е Н И Е за именување на В.Д. Директор на Средното општинско економско училиште „Јане Сандански“ Битола........................................................... 146

Р Е Ш Е Н И Е за избор на Директор на Основно училиште „Даме Груев“ Битола... 147

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на В.Д. Директор на Средното општинско економско училиште „Јане Сандански“ Битола........................................................... 148

Р Е Ш Е Н И Е за именување на В.Д. Директор на Средното општинско економско училиште „Јане Сандански“ Битола........................................................... 149

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на Директор на ОУ „Коле Канински“ Битола . 150

Р Е Ш Е Н И Е за именување на В.Д. Директор на ОУ „Коле Канински“ Битола . 151

О Д Л У К А за неvршење избор на Директор на јавната општинска установа Дом за стари лица „Сју Рајдер“ Битола....... 152

П Р А В И Л Н И К за именување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола....................................... 153

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211